ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
03Су Бр. 30/20
22.01 2020 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019) Врховниот суд на Република Северна Македонија со седиште на Булевар Крсте Мисирков б.б., контакт телефон 02 3136-044, факс 02 3237-538, е – маил: info@vsrm.mk и fidaije.alidemi@vsrm.mk, преку ВД Претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија м-р Фаик Арслани и службено лице на имателот на информациите Фидаије Алидеми, го подготви следниот:

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## (од 1.01.2019 до 31.12.2019)

1. Податоци за службените лица определени за посредување на информации кај имателите на информации;

Фидаије Алидеми- судски соработник ,
е –маил : fidaije.alidemi@vsrm.mk

2. Број на примени барања;

Во периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година во Врховниот суд на Република Северна Македонија се примени вкупно 30 (триесет) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои: 13 (тринаесет) писмени барања, 16 (шеснаесет) барања поднесени по електронски пат и 1 (едно) барање поднесено по усмен пат, за кое согласно Законот за слободен пристап е изготвено службена белешка.

3. Број на позитивно одговорени барања;

Од вкупниот број на примени барања од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година, по сите барања 30 (триесет) е постапено и одговорено позитивно.

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;

- нема

5. Број на неодговорени барања

- нема

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);

Во текот на 2019 година од страна на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер до Врховниот суд на РСМ препратени се вкупно две (2) жалби во предмети по барање на информации од јавен карактер, по кои постапувал Врховниот суд на РСМ.

-Во првиот предмет, на барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено на 18.03.2019 година, Врховниот суд на РСМ позитивно одговори, со Одговор на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од 15.04.2019 година, доставен до барателот – новинар, по електронска пошта, согласно поднесеното барање. Незадоволен од добиениот одговор, барателот поднел жалба преку Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, која истата ја препрати до Врховниот суд со барање во рок од 7 дена од денот на доставувањето (24.04.2019г.) да се произнесе по жалбата и да ги достави списите на предметот. На ден 02.05.2019 година, до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер доставен е Одговор на жалба и списите на предметот.

-Во вториот предмет, на барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено на 11.07.2019 година, Врховниот суд на РСМ позитивно одговори, со Одговор на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од 19.07.2019 година, доставен до барателот – физичко лице, по пошта, согласно поднесеното барање. Незадоволен од добиениот одговор, барателот поднел жалба преку Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, која истата ја препрати до Врховниот суд со барање во рок од 7 дена од денот на доставувањето (15.08.2019г.) да се произнесе по жалбата и да ги достави списите на предметот. На ден 22.08.2019 година, до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер доставен е Одговор на жалба и списите на предметот.

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;

1 (една) усвоена жалба со одлука на Агенцијата
Во Врховниот суд на Република Македонија заведена е жалба под СПИ.бр.21/2018 – 3 од 22.06.2018 година, која со Решение бр.08-258 од 13.02.2019 година на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер е усвоена.

-Во врска со жалба изјавена од барател – физичко лице, против Одговор на Врховниот суд на РМ од 13.06.2018 година, со кој позитивно е одговорено на барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено во ВСРМ на 1.06.2018 година, Врховниот суд на РМ на ден 06.07.2018 година, до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер достави Одговор на жалба со списите на предметот. Комисијата со решение од 13.02.2019 година, жалбата на барателот ја уважува и се задолжува Врховниот суд на РМ на барателот да му ја достави бараната информација во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението. Решението на Комисијата е доставено до Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 04.03.2019 година. Постапувајќи по задолжението од решението на Комисијата, Врховниот суд на РСМ на ден 15.03.2019 година, со Одговор на барање ги достави до барателот бараните информации, на начин и во форма наведени во барањето.

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата

**- нема**

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање и

**- нема**

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.

**- нема**

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**Скопје, 22.01.2020**

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ВД ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Фаик Арслани**

**(Иматаел на информации-печат)**

**Фидаије Алидеми**
**(службено лице – потпис)**